Република Северна Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
Државен инспекторат за животна средина

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e mjedisit jetësor
Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor

ИП1 бр. 29-178
Дата: 16.04.2025 година

[redacted]

Државен Инспекторат за животна средина
Ул."Бихаќка" бр.2
1000 Скопје
(Палата Емануел Чучков)
Република Северна Македонија
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
Мобилен: +389 70 286 698

**Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor**
Rr."Bihakjka " nr.2
1000 Shkup
(Pallati Emanuel Çuçkov)
Republika e Maqedonisë së Veriut
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
GSM: +389 70 286 698

Канцеларија Велес
П.фах 67
Е-пошта: b.s-manaskova@sei.gov.mk
Тел. 071/397-243

Државниот инспекторат за животна средина преку ДИЖС Билјана Шуркова-Манаскова, со службена легитимација број А060120024, изврши редовен инспекциски надзор над субјектот на надзор Друштво за автотранспорт, трговија и услуги ПАН-ПРОМЕТ извоз-увоз ДООЕЛ Велес, со седиште на ул. Борис Трајковски бр. 18 Велес, со адреса на вршење на дејноста на ул. Раштански пат бб. Велес, застапувано од Горан Ордев- управител. Со Записник бр. 29-178 од 15.04.2025г. ја утврди фактичката состојба и врз основа на член 200 став 1 точка 9 од Законот за животната средина (Службен весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18, Службен весник на РСМ бр. 89/22, 171/22, 03/25) донесе:

## Р Е Ш Е Н И Е

1. **СЕ НАРЕДУВА** на Друштво за автотранспорт, трговија и услуги ПАН-ПРОМЕТ извоз-увоз ДООЕЛ Велес, со седиште на ул. Борис Трајковски бр. 18 Велес:

1.1 Да изработи Елаборат за заштита на животната средина за вршење на дејноста – Складирање на нафта за превозни цели (точилница) и перална за сопствени возила, на локација ул. Раштански пат бб. Велес, КП 16992/2 КО Велес, во пропишана форма и содржина, во кој ќе ги утврди: влијанијата врз животната средина во оперативната фаза, односно при вршењето на дејноста, усогласеноста на своето работење со пропишаните стандарди за квалитет на животната средина и пропишаните гранични вредности на емисии, како и да го достави на одобрување до надлежниот орган-Управата за животна средина при Министерството за животна средина и просторно планирање.
Рок: 90 (деведесет) дена од денот на приемот на решението.

2. Субјектот на инспекцискиот надзор од точката 1. на ова решение е должен веднаш по постапувањето или по истекот на рокот определен за извршување на инспекциските мерки, а најдоцна во рок од три дена писмено и/или по електронска пошта да го извести инспекторот дали се извршени инспекциските мерки.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

[redacted]

Државниот инспекторат за животна средина, преку ДИЖС Билјана Шуркова-Манаскова, со службена легитимација број А060120024 изврши редовен инспекциски надзор над субјектот на надзор Друштво за автотранспорт, трговија и услуги ПАН-ПРОМЕТ извоз-увоз ДООЕЛ Велес, со седиште на ул. Борис Трајковски бр. 18 Велес, со адреса на вршење на дејноста на ул. Раштански пат бб. Велес. Надзорот се изврши за да се утврди дали субјектот на надзор поседува документација со која е извршена оцена на влијание врз животната средина од вршењето на дејноста.

Субјектот на надзор уредно и навремено беше известен за времето на надзор, а во прилог на Известувањето ИП1бр. 29-178 од 11.04.2025г. беше доставена и Листа на проверка со прашања за проверка кои го утврдуваат обемот на инспекциски надзор.

При надзорот беше присутна Божана Ордева- прокурист.

За утврдената фактичка состојба се изготви Записник за констатација со бр. 29-178 од 15.04.2025г.

Субјектот на надзор ПАН ПРОМЕТ ДООЕЛ Велес врши претежна дејност Патнички копнен транспорт. За потребите на оваа компанија, на ул. Раштански пат бб. Велес е организиран плац за паркирање на транспортни возила со кои се врши дејноста. Во дворната површина на парцелата е поставена надземна точилница за гориво, од која се врши точење на нафта во сопствените транспортни возила, пуштена во употреба во 2024г. Точилницата има еден надземен резервоар за складирање на нафта со капацитет од 10 тони.

За влијанијата врз животната средина од вршењето на дејноста - Складирање на нафта за превозни цели (точилници), нема изработено/не поседува Елаборат за заштита на животната средина кој е одобрен од Надлежен орган – органот на државната управа надлежен за животната средина.

Дејноста и активноста која се извршува припаѓа во Прилог- Глава XII – Транспорт и складирање, точка 4. Складирање и точење на гас, нафта и нафтени деривати за превозни цели (бензиски пумпи и други точилници) од Уредбата за дејностите и активностите за кои задолжително се изработува елаборат, а за чие одобрување е надлежен органот за вршење на стручни работи од областа на животната средина (Службен весник на РМ бр. 80/09, 36/12).

Во границите на плацот се врши и перење на сопствените возила со кои се врши транспортот на патници. На посебен простор во стопанскиот двор е изградено бетонско плато за перење на возилата со приемна решетка и канал поврзан со градскиот канализационен систем. За овие активности субјектот на надзор не

Државен Инспекторат за животна средина
Ул."Бихаќка" бр.2
1000 Скопје
(Палата Емануел Чучков)
Република Северна Македонија
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
Мобилен: +389 70 286 698

**Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor**
Rr."Bihakjka " nr.2
1000 Shkup
(Pallati Emanuel Çuçkov)
Republika e Maqedonisë së Veriut
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
GSM: +389 70 286 698

Канцеларија Велес
П.фах 67
Е-пошта: b.s-manaskova@sei.gov.mk
Тел. 071/397-243

Република Северна Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
Државен инспекторат за животна средина

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e mjedisit jetësor
Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor

[redacted]

поседува документација за оцена на влијанието врз животната средина, а активностите кои се извршуваат припаѓаат во Прилог 2, Глава V од Уредбата за дејностите и активностите за кои задолжително се изработува елаборат, а за чие одобрување е надлежен градоначалникот на општината ("Службен весник на РМ" бр. 80/09, 32/12).

Согласно член 24 став 6 од Законот за животната средина субјектот на надзор е должен да изработи Елаборат за заштита на животната средина во кој ќе ги утврди: - влијанијата врз животната средина во оперативната фаза, односно при вршењето на дејноста, - усогласеноста на своето работење со пропишаните стандарди за квалитет на животната средина и пропишаните гранични вредности на емисии.

Содржината на Елаборатот е пропишана во Правилникот за формата и содржината на елаборатот за заштита на животната средина согласно со видовите на дејностите или активностите за кои се изработува елаборат, како и согласно со вршителите на дејноста и обемот на дејностите и активностите кои ги вршат правните и физичките лица, постапката за нивно одобрување, како и начинот на водење на регистерот за одобрени елаборати (Службен весник на РМ бр. 44/13, 111/14).

Согласно член 3 од Уредбата за дејностите и активностите за кои задолжително се изработува елаборат, а за чие одобрување е надлежен органот за вршење на стручни работи од областа на животната средина: “Ако во еден капацитет се спроведуваат повеќе дејности и активности кои припаѓаат на различен сектор и се спроведуваат во истиот објект или локација, тогаш се поднесува еден Елаборат во кој се опфатени влијанијата за сите дејности или локации”.

Согласно член 3 од Уредбата за дејностите и активностите за кои задолжително се изработува елаборат, а за чие одобрување е надлежен градоначалникот на општината, градоначалникот на Градот Скопје и Градоначалникот на општините во градот Скопје: “Во случај кога во еден објект или локација каде се спроведуваат повеќе дејности или активности од ист или различен индустриски сектор, каде за една или повеќе дејности е надлежен градоначалникот на општината и Министерството за животна средина и просторно планирање-Управа за животна средина, елаборатот го одобрува Управата за животна средина”.

Согласно овластувањата што произлегуваат од член 198 став 1 точка 7, а во согласност со член 200 став 1 точка 9 од Законот за животната средина, Државниот инспектор за животна средина го донесе ова решение.

Доколку субјектот не постапи согласно издаденото решение, Државниот инспектор за животна средина ќе поведе прекршочна

Државен Инспекторат за животна средина
Ул.”Бихаќка” бр.2
1000 Скопје
(Палата Емануел Чучков)
Република Северна Македонија
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
Мобилен: +389 70 286 698

**Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor**
Rr.”Bihakjka “ nr.2
1000 Shkup
(Pallati Emanuel Çuçkov)
Republika e Maqedonisë së Veriut
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
GSM: +389 70 286 698

Канцеларија Велес
П.фах 67
Е-пошта: b.s-manaskova@sei.gov.mk
Тел. 071/397-243

Република Северна Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
**Државен инспекторат за животна средина**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e mjedisit jetësor**
**Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor**

постапка пред надлежен прекршочен орган, во согласност со член 200 став 4 од Законот за животната средина.

[redacted]

Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка во работен однос и инспекциски надзор во втор степен, во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на Решението. Жалбата се таксира со 250,00 (двеста и педесет) денари административна такса и се поднесува во два примероци.

Решено во Државен инспекторат за животна средина – канцеларија во Велес под ИП1бр. 29-178, на ден 16.04.2025г.

ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОР
ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
Билјана Џуркова-Манаскова

Доставено до:
- Архива
- Субјектот на надзор

Државен Инспекторат за животна средина
Ул."Бихаќка" бр.2
1000 Скопје
(Палата Емануел Чучков)
Република Северна Македонија
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
Мобилен: +389 70 286 698

**Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor**
Rr."Bihakjka " nr.2
1000 Shkup
(Pallati Emanuel Çuçkov)
Republika e Maqedonisë së Veriut
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
GSM: +389 70 286 698

Канцеларија Велес
П.фах 67
Е-пошта: b.s-manaskova@sei.gov.mk
Тел. 071/397-243